

Градоначалникот на општина Неготино Тони Делков оствари средба (втора по ред) со учениците-членови на новинарската секција при СОУ „Св.Кирил и Методиј“ од Неготино во која членуваат 20-тина ученици кои ги подготвуваат текстовите и работат на уредувањето и издавањето на училишниот весник „Младина“. Како што градоначалникот беше информиран од членовите на новинарската секција, „Младина“ се печати во тираж од околу 200 броја и се издава по повод патрониот празник на училиштето, а во него можат да се најдат информативни содржини кои во најголем дел се однесуваат на активностите на училиштето и постигнувањата на ученици на локални, регионални и државни натпреварувања. Од негово лично име и како градоначалник на општина Неготино, Делков ги поздрави нивните несебични напори за создавање на овој училишен весник и нивната креативност која е неопходна за спроведување на еден ваков проект, а средбата беше искористена за размена на мислења за младинските политики, потенцијални истражувања и информирање на јавноста за резултатите од истите,како и на други теми од заеднички интерес. Учениците-членови на новинарската секција изразија благодарност за приемот и несебичната поддршка што ја имаат и ќе ја имаат градоначалник на општина Неготино Тони Делков.

